**УНИВЕРЗИТЕТ**
**“СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”**
**Б и т о л а**

Врз основа на член 52 алинеа 23 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на 108-та седница одржана на ден 29.10.2012 година, го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ**
**ПРАВИЛНИКОТ**
**за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола**

Член 1

Во Правилникот за условите. критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола (Пречистен текст) - (Билтен Бр.356 од 01.12.201 1 година), по членот 73, се додава нов **член** 74: кој гласи:

**Член** 74

**После три неуспешни полагања на завршниот испит по одреден предмст, студентот има право при пријавувањето на испитот да поднесе Барање до деканот/директорот на единицата, за полагање на испитот пред Комисија.**

**Постапувајќи по Барањето на студентот, деканот/директорот на единицата донесува Одлука за формирање на Комисија од три члена, пред која студентот, во таа испитна сесија, ќе го полага испитот.**

**Комисијата е составена од тројца наставници од иста или сродна наставно-научна област, од кои најмалку еден наставник треба да биде од иста наставно-научна област. Предметниот наставник не може да биде член на оваа Комисија. Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.**

Член 2

Постојниот член 74 во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола (Пречистен текст), станува член 75. а редоследно за еден, се корегираат сите наредни членови во Правилникот.

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на **Универзитетот.**

**Проф. д-р Златко Жоглев,**

**Ректор**